НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 27-ѓ став 4 и член 46 став 2 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за доставување податоци за извршените активности во платниот промет**

1. Во Одлуката за доставување податоци за извршените активности во платниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16), во точката 1 зборовите: „Народната банка на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Народната банка на Република Северна Македонија."

2. Точката 8 се менува и гласи: „Народната банка ги објавува податоците месечно, односно годишно во агрегирана форма, на својата интернет-страница, со исклучок на податоците од точката 4 алинеја 3, коишто ќе се употребуваат само за аналитички цели и нема да бидат предмет на објавување. Народната банка ги објавува податоците од точката 4 алинеја 2 почнувајќи од извештајниот период којшто започнува во 2018 година".

3. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О. бр. 02-15/XII-1/2019**
**29 ноември 2019 година**
**Скопје**

**Гувернер и**
**претседавач**
**на Советот на Народна банка на**
**Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**